Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и деветтата седница на Владата на Северна Република Македонија,**
**одржана на 3 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2023 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа: м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Сто осумдесет и првата седница на Владата на РепубликаСеверна Македонија, одржана на 29август 2023 година

- Усвојување на Записникот од Сто осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 и 13 септември 2023 година

- Усвојување на Записникот од Сто осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 септември 2023 година

1. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“, Пробиштип за 2023 година, со Предлог-одлука

2. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, со Предлог-одлука

3. Информација за пренесување право на сопственост на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

4. Информација за Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга бр.02-1409/5 од 3.10.2023 година и потребата од донесување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/23, со предлог-одлуки

5. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Теконопанел ДОО Илинден со бр.13-1511/1 од 18.11.2022 година

6. Информација во врска со Анекс бр.1 кон Договорот за доделување државна помош на корисник на технолошко-индустриска развојна зона, склучен меѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Илинден, бр.13-1776/1 од 30.12.2019 година, со Предлог-одлука

7. Информација за Барање на согласност на Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на технолошко -индустриска развојна зона Гевгелија бр. 02-1341/4 од 20 септември 2023 година и Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на ТИРЗ Гевгелија бр.02-1341/5 од 20 септември 2023 година, со предлог - одлуки

8. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), со Анекс кон Договорот за администрирање на посебен кредитен фонд

9. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Доброволната планинска спасителска служба „Осогово“, Кочани

10. Информација за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на КО Чалошево, Општина Велес, со Предлог-одлука

11. Информација за консолидираните акциски планови по програмите за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2022 година издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош-ИПА

12. Информација за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

13. Информација за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2023 година

14. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2022 година, како и за степенот на реализација на заклучоците, донесени по точка 33 на Седумдесет и втората седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година, со прилози

15. Информација за задолжување на Општина Ново Село кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука

16. Информација за задолжување на Општина Босилово кај Силк роуд банка АД Скопје, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проект за инфраструктура за автопатско решение на делницата од Европски Коридор 10 : Демир Капија - Смоквица од км 0+000.00 до км 28+180.00 како дел од магистралниот пат М-1 (Е-75) - државен

пат А1 (по нова номенклатура), Делница 1 (км 2+695.00 - км 5+228.00), Делница 2 (км 6+975.00 - км 7+400.00), Делница 3 (км 9+075.00-км 9+760.00), Делница 4 (км 14+635.00 - км 15+721.00), Делница 5 (Јазел Миравци - приклучен пат Рампа 1 од км 0+000.00 - км 0+450.00), Општина Гевгелија и Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура на линиска инфраструктурна градба-изградба на цевковод за водоснабдување на Проект за инфраструктура за државен пат-Р2133, Делница с.Ропалце-с.Матејче, Делница 2 од км 0+945.72 до км 1+952.84, КО Матејче, вон гр., Општина Липково, со Предлог-одлука

19. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница“ с.Блаце, Општина Брвеница, со Предлог - решение

20. Информација во врска со склучување на Меморандум за соработка помеѓу заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции на Република Северна Македонија/Владата на Република Северна Македонија и Институт за демократија „Социетас цивилис“, Скопје, со текст на Меморандум

21. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за постапување по заклучоците од Сто осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија во врска со Информација за отпочнати арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови ICSID Case No.ARB23/31 и ICSID Case No. ARB 23/35

22. Предлог-одлука за откажување на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница, издадена на Друштвото за промет и услуги „Бет ту мар“ ДООЕЛ Скопје бр.41-1245/5 од 21.2.2023 година

23. Предлог-одлука за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - геотермална вода на локалитетот „с.Банско“, Општина Струмица од Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово на Друштвото за градежништво и трговија Жикол ДООЕЛ експорт-импорт Струмица

24. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола

25. Информација по доставеното Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица „д-р Мишо Михајловски“ во Бунарџик - Општина Илинден, со Предлог - одлука

26. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница 8 Септември-Скопје (Систем за навигација за оториноларингологија и база на череп)

27. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101955 за КО Бутел, на КП бр.2487/1, викано место/улица „Бара“

28. Кадровски прашања

29. Прашања и предлози

30. Информација во врска со проектот „Изведба на Клиничка болница Штип“

31. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за периодот април-јуни 2023 година

32. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година

33. Информација за постапката за именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија

34. Информацијаза изнаоѓање решение за актуелните протести, проблеми и барања со кои се соочува судската, јавнообвинителската служба и вработените во органите на државната управа

35. Предлог на закон за административни службеници, по скратена постапка

36. Предлог на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*), по скратена постапка

38. Предлог на закон за висока раководна служба, по скратена постапка

39. Информација за креирање на институционална инфраструктура за ефективно следење на имплементацијата на Акцискиот план кон Стратегијата за формализација на неформалната економија, со предлог-одлуки

40. Предлог - план за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори, со прилог

41. Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со Музеј во Софија, кои ќе бидат презентирани на меѓународна изложба „Сребрена Тракија“ во Националната установа „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје, со Предлог-одлука

42. Предлог за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*)

43. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финасирање на ИПА проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Североисточниот Регион

44. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финансирање на големиот ИПА проект „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација на канализационата мрежа во Општина Тетово“

45. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства во висина од 10% од проектираниот буџет за кофинансирање на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“

46. Информација за статусот на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје“

47. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 26/23).

48. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 91/22)

49. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 60/23)

50. Информација за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година

51. Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка

52. Предлог на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка

53. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

54. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

55. Информација за препораките од Четвртата министерска конференција во Скопје, со текст на препораки

56. Информација за обезбедување на средства во вид на заем од Светска банка за Втор проект за унапредување на социјалните услуги

57. Записник од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2 октомври 2023 година со Записникт од Осмата седница на Групата за процена, одржана на 2 октомври 2023 година

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“, Пробиштип за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за

давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“, Пробиштип за 2023 година.

**Точка 2**

Владата по Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пренесување право на сопственост на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу Агенцијата за млади и спорт, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Општина Струга.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Стругабр.02-1409/5 од 3.10.2023 година и потребата од донесување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/23, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата.

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Текнопанел ДОО Илинден со бр.13-1511/1 од 18.11.2022 година за наредната седница на Владата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс бр.1 кон Договорот за доделување државна помош на корисник на технолошко - индустриска развојна зона, склучен меѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Илинден, бр.13-1776/1 од 30.12.2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност наАнекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на технолошко - индустриска

развојна зона склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Гересхајмер Скопје ДООЕЛ Илинден бр.13-1776/1 од 30.12.2019 година.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Барање на согласност на Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на технолошко - индустриска развојна зона Гевгелија бр. 02-1341/4 од 20 септември 2023 година и Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на ТИРЗ Гевгелија бр.02-1341/5 од 20 септември 2023 година, со предлог- одлуки за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 8**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), со Анекс кон Договорот за администрирање на посебен кредитен фонд, го усвои и го задолжи Министерството за финансии со Развојната банка на Северна Македонија да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на посебен кредитен фонд со кој ќе ја овласти Развојната банка на Северна Македонија да врши отпуштање на долг по основ на доспеани неплатени обрски од кредитната линија ПКФ Ковид 1 во износ до 5.000 денари по кредитокорисник.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Доброволната планинска спасителска служба „Осогово“, Кочани.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на КО Чалошево, Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за консолидираните акциски планови по програмите за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во

годишните извештаи за ревизорска активност за 2022 година издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош-ИПА и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбедат оптимален број на вработени, согласно Анализата на обем за работа, најдоцна до 31 декември 2023 година.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да ги почитуваат роковите утврдени во плановите за набавки и финансиските планови за исплати, како и навремено да ги преземат сите потребни активности со цел да не се зголемува ризикот за губење на средства.

3. Се задолжуваат националниот ИПА координатор (НИПАК) и Секретаријатот за европски прашања во рамки на роковите и активностите утврдени во Акцискиот план да обезбедат ревидирање и измена на внатрешните постапки за работа, согласно препораките од Ревизорското тело за ИПА, најдоцна до 31 декември 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди ревидирање и измена на внатрешните постапки за работа на ИПА структурата, најдоцна до 31 декември 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рамки на роковите и активностите утврдени во Акцискиот план да обезбеди, најдоцна до 31 декември 2023 година:

- екипирање на Одделението за внатрешна ревизија и
- ревидирање и измена на внатрешните постапки за работа на ИПА структурата.

6. Се препорачува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"-Скопје да обезбеди екипирање на Одделението за внатрешна ревизија и спроведување на најмалку една внатрешна ревизија на ИПА структурата за тековната година, најдоцна до 31 декември 2023 година.

7. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди, најдоцна до 31 декември 2023 година:

- ревидирање и измена на внатрешните постапки за работа на ИПА структурата со цел воспоставување на процедура за внесување податоци за управување со ризици во МИС, како и надминување на состојбата на неусогласеност помеѓу наративниот дел и анексите и
- континуирано спроведување на планираните проверки на лице место, согласно пропишаните процедури за работа.

8. Се задолжува ИПА структурата во Министерството за правда, во координација со Управата за извршување на санкции да ги преземат сите неопходни активности со цел потпишување на договор за пренос на сопственоста на опремата, како и обезбедување на одржливост на истата, најдоцна до 31 декември 2023 година.

9. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за ИПАРД Програмата:

- најдоцна до крајот на декември 2023 година да обезбеди соодветни технички предуслови на резервна локација за продолжување со непречена работа;

- да обезбеди оптимален број на вработени, согласно Анализата на обем за работа, најдоцна до крајот на декември 2023 година преку нови вработувања, интерно прераспределување во рамки на институцијата или преземања од други институции;
- континуирано доставување податоци до Телото за управување, при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и националниот координатор за авторизација, согласно Договорот за имплементација при спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- да издаде решенија до крајните корисници за кои е утврдена погрешна исплата на средства, со цел корекција на исплатата, најдоцна до крајот на декември 2023 година.
- за надминување на сите наоди констатирани од страна на ИТ ревизијата од Европската комисија ГД АГРИ и Ревизорското тело за ревизија на ИПА да обезбеди финансиски средства во рамки на максимално одобрените лимити.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во рок од 30 дена, да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2022 година.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2023 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, најдоцна во рок од 30 дена да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2023 година.

**<u>Точка 14</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2022 година, како и за степенот на реализација на заклучоците, донесени по точка 33 на Седумдесет и втората седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година, со прилози, ја усвои и го задолжи Министерството за правда во рок од три дена Информацијата на Царинската управа да ја достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија со препорака Судскиот совет на Република Северна Македонија да го задолжи Управниот суд во рок од 30 дена да ги огласи за правосилни пресудите наведени во табеларните прегледи бр. 1 и бр. 2 на Царинската управа, како и да му препорача на Управниот суд во иднина ваквото огласување да го врши на тековна основа.

**<u>Точка 15</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Ново Село кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Ново Село со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Босилово кај Силк роуд банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Босилово со долгорочен кредит кај Силк роуд банка АД Скопје.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проект за инфраструктура за автопатско решение на делницата од Европски Коридор 10 : Демир Капија - Смоквица од км 0+000.00 до км 28+180.00 како дел од магистралниот пат М-1 (Е-75) - државен пат А1 (по нова номенклатура), Делница 1 (км 2+695.00 - км 5+228.00), Делница 2 (км 6+975.00 - км 7+400.00), Делница 3 (км 9+075.00-км 9+760.00), Делница 4 (км 14+635.00 - км 15+721.00), Делница 5 (Јазел Миравци-приклучен пат Рампа 1 од км 0+000.00 - км 0+450.00), Општина Гевгелија и Општина Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проект за инфраструктура за автопатско решение на делницата од Европски Коридор 10 : Демир Капија - Смоквица од км 0+000.00 до км 28+180.00 како дел од Магистралниот пат М-1 (е-75) - државен пат А1 (по нова номенклатура), Делница 1 (км 2+695.00 - км 5+228.00), Делница 2 (км 6+975.00 - км 7+400.00), Делница 3 (км 9+075.00-км 9+760.00), Делница 4 (км 14+635.00 - км 15+721.00), Делница 5 (Јазел Миравци-приклучен пат Рампа 1 од км 0+000.00 - км 0+450.00), Општина Гевгелија и Општина Демир Капија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура на линиска инфраструктурна градба-изградба на цевковод за водоснабдување на Проект за инфраструктура за државен пат-Р2133, Делница с.Ропалце-с.Матејче, Делница 2 од км 0+945.72 до км 1+952.84, КО Матејче, вон гр., Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура на линиска инфраструктурна градба-изградба на цевковод за водоснабдување на Проект за инфраструктура за државен пат-Р2133, Делница с.Ропалце-с.Матејче, Делница 2 од км 0+945.72 до км 1+952.84, КО Матејче, вон гр., Општина Липково.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница", с.Блаце, Општина Брвеница, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- варовник на локалитетот „Зла Осојница" с.Блаце, Општина Брвеница.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Меморандум за соработка помеѓу заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции на Република Северна Македонија/Владата на Република Северна Македонија и Институт за демократија „Социетас цивилис" Скопје, со текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меморандумот за соработка помеѓу заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економски сектори и инвестиции на Република Северна Македонија/Владата на Република Северна Македонија и Институт за демократија „Социетас цивилис" Скопје.

2. Го овласти Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, во рок од пет дена, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економски сектори и инвестиции на Република Северна Македонија / Владата на Република Северна Македонија и Институт за демократија „Социетас цивилис" Скопје.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за постапување по заклучоците од Сто осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија во врска со Информација за отпочнати арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови ICSID Case No.ARB23/31 иICSID Case No. ARB 23/35 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во рок од три дена да испрати барање за прибирање на понуди за правно застапување на Република Северна Македонија, како тужена страна во арбитражните спорови, заведени како ICSID Case No. ARB 23/31 и ICSID Case No. ARB 23/35 до следните меѓународни адвокатски куќи:

1. Debevoise & Plimpton LLP
2. Freshfields Bruckhaus Deringer
3. King & Spalding LLP
4. White and Case LLP
5. Three Crowns LLP
6. Arnold & Porter
7. Herbert Smith Freehills
8. WilmerHale
9. Dechert LLP
10. Lalive

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори по добивањето на понудите, најдоцна во рок од три дена, да свика нов состанок на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори, на кој ќе се разгледаат понудите и ќе достави до Владата предлог за избор на правни застапници во наведените арбитражни постапки.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за откажување на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница, издадена на Друштвото за промет и услуги „Бет ту мар“ ДООЕЛ Скопје бр.41-1245/5 од 21.2.2023 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - геотермална вода на локалитетот „с.Банско“, Општина Струмица од Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово на Друштвото за градежништво и трговија Жикол ДООЕЛ експорт-импорт Струмица.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата по доставеното Барање за одобрение за основање на приватна установа за вон семејна социјална заштита на стари лица „д-р Мишо Михајловски“ во Бунарџик - Општина Илинден, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита за стари лица.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница 8 Септември-Скопје (Систем за навигација за оториноларингологија и база на череп).

**Точка 27**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101955 за КО Бутел, на КП бр.2487/1, викано место/улица „Бара“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија, Општина Бутел, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Оператор на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и ГА-МА АД-Скопје.

**Точка 28**

1. Владата го именува Александар Бузлевски, досегашен вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, за вршител на должност директор на јавната установа.

2. Владата го разреши Срџан Димитриевски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје.

   2.1 Владата го именува Бесарт Муареми за член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје.

3. Владата ја разреши проф. д-р Недељка Николова од Институтот за сточарство од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, поради стекнување на право на пензија.

   3.1 Владата ја именува проф. д-р Наташа Матева од Институтот за сточарство од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола.

4. Владата ја разреши Билјана Казанџиска, претставник од Министерството за образование и наука од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

5. Владата за претседател и членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија ги именува:

   а) за претседател
   - Роберт Николоски

   б) за членови
   - Бошко Гавроски
   - Арлинда Алити и
   - Окан Вата

6. Владата од должноста член и вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. ги разреши:

   - Неџбедин Бајрами, од должноста член
   - Божо Веселиновски, од должноста вршител на должност член

   6.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. ги именува:

   - Иљирјан Фетаху и
   - Насер Етеми

7. Владата го разреши Филип Торбаков од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.

7.1 Владата го именува Невзад Велиу за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.

8. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје ги разреши:

- Менсур Рамадани и
- Ќефни Усеини

8.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје ги именува:

- Садула Камбери и
- Арбен Садику

9. Владата го разреши Александар Петрески од должноста вршител на должност член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

9.1 Владата го именува Маџит Абедини за вршител на должност член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

10. Владата ја именува Ерзана Спахо за вршител на должност член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје.

11. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје ги именува:

- Емри Ибрахими и
- Фадил Алими

12. Владата го разреши Мефаил Зендели од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.

12.1 Владата го именува Урим Ислами за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.

13. Владата од должноста членови и вршител на должноста член на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, поради истек на мандатот ги разреши:

- Имер Исмаили од член

- Ема Нешковска од член и
- Лидија Голубовска, од вршител на должноста член

13.1 Владата за членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права ги именува:

- Цветко Ристевски
- Марјан Шипинкаровски
- Јусуф Хусеини и
- проф. д-р Симе Арсеновски

14. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, од должноста член на Управен одбор, кој носи назив директор на развој и инвестиции да го отповика Благој Гајдарџиски, а на негово место да го избере Виктор Андонов.

15. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, да распише јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

16. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија од должноста вршител на должност директор да го разреши Хајрула Мисини, а за вршител на должност директор да го именува Имер Имери.

17. Владата го разгледа Предлогот за огласување на именувањето на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и заклучи врз основа на член 64, став 1 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го огласи именувањето на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку два дневни весника од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, најдоцна два месеца пред истекот на мандатот.

    За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определуваат м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда.

    Истовремено, Владата заклучи точка 18 од Предлогкадровските прашања разгледани на Сто осумдесет и седмата седница на Владата на Репубилка Северна Македонија, одржана на 26 септември 2023 година, за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје, да не се реализира.

**Точка 29**

1. Владата по повод учеството на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на Самитот на Европската политичка заедница, во Гранада, Шпанија, предвиден да се одржи на 5 октомври 2023 година, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројката на претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Гранада, Шпанија.

2) Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на Самитот на Европската политичка заедница во Гранада, Шпанија.

2. Владата на предлог на доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука за изменување на Заклучокот, донесен по точка 38 од Сто осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 септември 2023 година за Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија“ во село Селце, Општина Тетово, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија“ во село Селце, Општина Тетово и заклучи точка 1. од истиот да се измени и да гласи:

„1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 и 2025 година на Министерството за образование на наука за Изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија“ во село Селце, Општина Тетово во вкупна вредност од 97.500.000,00 денари со ДДВ и за надзор 2.500.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
-за изградба 1.000.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 35.000,00 денари со ДДВ во 2023 година
-за изградба 45.000.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 500.000,00 денари со ДДВ во 2024 година
-за изградба 51.500.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 1.965.000,00 денари со ДДВ во 2025 година.“

3. Владата, по повод одбележувањето на државниот празник 11 Октомври-Ден на народното востание, ги донесе следните заклучоци:

1) Се формира Организацискиот одбор за прослава на државниот празник 11 Октомври-Ден на народното востание со следниот состав:
- Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;
- м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија;
- Ана Андреева, секретар за комуникации, односи со јавност и протокол;
- Соња Трпчевска - Јанковска, соработник за комуникации и односи со јавност, координација на министерства и владини институции.

Организацискиот одбор може да се дополнува со членови според потребите кои ќе ги утврди.

2) Владина делегација, во состав:
- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците;
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи;
- д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и
- д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура,

да присуствува на положување на цвеќе на централната манифестација на Спомен-костурницата во Куманово, на 11 Октомври 2023 година, во 10:00 часот.

3) Владина делегација, во состав:

- м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење;
- Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и
- Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски,

да присуствува на положување цвеќе во Меморијалниот комплекс „Партизански гробишта“ во Бутел, Скопје во 10:30 часот, како и пред споменикот „Ослободители на Скопје“ пред зградата на Владата на Република Северна Македонија, во 11:30 часот.

4) Владина делегација, во состав:
- Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции;
- проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство и
-д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука,

да присуствува на положување цвеќе во Прилеп, на 11 октомври 2023 година пред споменикот на Методија Андонов-Ченто, пред споменикот на Кузман Јосифоски-Питу, поклонување пред бистите во Алејата на народните херои, положување на цвеќе пред споменикот „Жена борец“ и пред Могилата на непобедените.

5) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема (освежување, цветно уредување, говорница, столбчиња и јажиња и друга опрема според барање на Организацискиот одбор), како и превоз за опремата.

6) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 11 Октомври-Ден на народното востание, врз основа на сценариото, подготвено од Организацискиот одбор.

7) Се задолжува Одделението за протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да подготви покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови.

8) Се задолжува Одделението за протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да го организира протоколарното положување на цвеќе на сите локации за сите делегации.

9) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи за сите локации, како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази), во Куманово и во Скопје.
10) Се укажува на Националната радио-телевизија на Република Северна Македонија, да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот 11 Октомври-Ден на народното востание, од Куманово.

11) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија, да создаде сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

12) Се задолжува Министерството за култура, да обезбеди користење на просторот околу Спомен - костурницата во Куманово.

13) Се укажува на Општина Куманово, да го обезбеди со чуварска служба просторот на Спомен - костурницата во Куманово и да обезбеди расчистување на просторот.

14) Се задолжува Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје, да обезбеди столчиња за свеченото одбележување на празникот на Спомен костурницата во Куманово.

15) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ги преземе сите активности, согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на сите локации на кои се чествува празникот.

16) Се задолжува Министерството за здравство, да обезбеди амбулантни возила за сите локации на кои се чествува празникот.

17) Се укажува на ЕВН Македонија, да обезбеди приклучок за струја на локациите за кои ќе добијат техничка спецификација од страна на Организациskиот одбор.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проектот „Изведба на Клиничка болница Штип", како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

**Точка 31**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за периодот април-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за постапката за именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање решение за актуелните протести, проблеми и барања со кои се соочува судската, јавнообвинителската служба и вработените во органите на државната управа и ја усвои со следниов заклучок:

- Формира работна група составена м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и претставници од Синдикатот на УПОЗ заради изнаоѓање на решение за актуелните протести, проблеми и барања со кои се соочува судската, јавнообвинителската служба и вработените во органите на државната управа.

**Точка 35**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка за наредната седница на Владата.

**Точка 36**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, за наредната седница на Владата.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за информатичко општество и администрација да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Димитар Буковалов, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 38**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за висока раководна служба, по скратена постапка, поради потребата од доработка на текстот на истиот.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за креирање на институционална инфраструктура за ефективно следење на имплементацијата на Акцискиот план кон Стратегијата за формализација на неформалната економија, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година, со Акциски план за периодот 2023-2025 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за информатичко општество и администрација веднаш да достави номинации на член и заменик - член во Меѓуресорското тело до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Ја донесе Одлуката за формирање Национален совет за формализација на неформалната економија, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 40**

Владата го разгледа Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори, со прилог и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници и другите правни субјекти од јавниот сектор да ги спроведуваат и почитуваат мерките и препораките според Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори.

2. Се задолжуваат буџетските корисници, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и другите правни субјекти од јавниот сектор, а им се препорачува на единиците на локална самоуправа да преземат навремени мерки и активности за спроведување на препораките од ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија кои се во насока на оптимизација на расходите во работењето и зголемена и подобрена наплата на приходите што се во нивна надлежност.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги достави наведените заклучоци до буџетските корисници, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост, единиците на локалната самоуправа и другите правни субјекти од јавниот сектор и да воспостави систем на следење на степенот на имплементација на истите.

4. Се задолжуваат буџетските корисници, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и другите правни субјекти од јавниот сектор, да доставуваат полугодишни извештаи за имплементација на мерките и препораките за фискална консолидација, до Владата и Министерството за финансии.

5. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, локалните јавни претпријатија и другите институции основани од општината, да преземат мерки и активности за консолидација

на нивните буџети и финансиски планови, преку зголемена наплата на изворните приходи и намалување на помалку приоритетните расходи.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со Музеј во Софија, кои ќе бидат презентирани на меѓународна изложба „Сребрена Тракија“ во Националната установа „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со Музеј во Софија, Република Бугарија, кои ќе бидат презентирани на меѓународна изложба „Сребрена Тракија“ во Националната установа „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје.

**Точка 42**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура, Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинасирање на ИПА проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Североисточниот Регион“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на буџетот за 2024 и 2025 година да ги предвиди дополнителните средства за национално кофинансирање за проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Североисточниот Регион“, согласно динамиката за реализација на Договорот, но не повеќе од 30% од првично проектираниот буџет на Проектот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да достави известување за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на Договорот до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинансирање на големиот ИПА проект „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација на канализационата мрежа во Општина Тетово“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на буџетот за 2024 и 2025 година да ги предвиди дополнителните средства за национално ко-финансирање проектот „Изградба на

прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација на канализационата мрежа во Општина Тетово“ согласно динамиката за реализација на договорот, но не повеќе од 40% од првично проектираниот буџет на проектот (во кои се вклучени веќе одобрените 30% со Заклучок бр.41-9312/2).

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да достави известување за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на Договорот до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори да ја спроведе тендерската постапка, согласно Стратегијата за набавка на проектот за градба.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства во висина од 10% од проектираниот буџет за кофинансирање на големиот ИПА проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 и 2025 година да ги предвиди дополнителните средства за национално кофинансирање за проектот „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“, согласно динамиката на реализација на договорите, но не повеќе од 40% од првично проектираниот буџет на проектот, односно дополнителни 10 % на веќе одобрените 30%, согласно заклучокот од Сто осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 19 септември 2023 година, бр.41-5695/4.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, веднаш да достави известување за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на Договорот до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во најбрз рок да ја достави тендерската документација до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии, со цел повторување на тендерската постапка за проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола“.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот со проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје“, ја усвои и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање во координција со Министерството за финансии да побара од Европска инвестициона банка и Европска банка за развој, согласност за времено изземање од исполнување на предусловот (доделено право на користење на земјиштето на ЈП Водовод и канализација - Скопје), до завршување на постапките за донесување на ДУП-овите (СИ 11 и СИ 12), со цел повлекување на првата транша од заемите.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 26/23).

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 91/22).

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 60/23).

**Точка 50**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 51**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници д-р Фљакрон Беџети, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Зихра Мемети, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 52**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници д-р Фљакрон Беќети, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 53**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници д-р Фљакрон Беќети, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници д-р Фљакрон Беќети, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за препораките од Четвртата министерска конференција во Скопје, со текст на препораки и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата за препораките од Четвртата министерска конференција во Скопје, со текст на препораки.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика препораките во рок од три дена да ги достави до Владата на Република Албанија на усвојување на претстојниот состанок на премиерите во рамките на Берлинскиот процес.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на средства во вид на заем од Светска банка за Втор проект за унапредување на социјалните услуги, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерство за труд и социјална политика, во рок од пет дена да достави до Светска банка барање за обезбедување средства во вид на заем, во износ од 30 милиони долари, за имплементирање на Втор проект за унапредување на социјалните услуги.

**Точка 57**

Владата го разгледа Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2 октомври 2023 година со Записникот од Осмата седница на Групата за процена, одржана на 2 октомври 2023 година и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2 октомври 2023 година.

2. Донесе Одлука за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на дел од територијата на Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите со последиците од нив е во траење од 10 дена.

4. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

5. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

6. По Барањето од Општина Маврово и Ростуше за прогласување на кризна состојба на цела територија на Општина Маврово и Ростуше, се запозна со состојбите со зголемено присуство на мечки во населените места на Општина Маврово и Ростуше и заклучи да не се прогласи кризна состојба на цела територија на Општина Маврово и Ростуше, пред да се утврдат ефектите од спроведувањето на донесените мерки од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Истовремено, Владата донесе Одлука за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:55 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**